РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
Уп1 Бр. 08-398
03.03 2015 година
С к о п ј е

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеја 6 и член 83, а во врска со член 80 став 5 од од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), член 126 и член 127 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11) и член 14 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија", бр.62/06 и 150/10), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-398 од 16.02.2015 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво „ТВ АМАЗОН" ДООЕЛ Скопје, а согласно Заклучокот, бр.02-1588/13 од 03.03.2015 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 8-та седница одржана на 03.03.2015 година донесе:

# ОДЛУКА
## за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата, бр.08-11 од 05.01.2015 година за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, поради тоа што имателот на дозволата не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

2. Оваа Одлука е конечна.

3. Оваа Одлука да се објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

## О б р а з л о ж е н и е

Трговското радиодифузно друштво ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, е имател на дозвола за телевизиско емитување бр.08-11 од 05.01.2015 година, за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво, за подрачјето D1 – Црн Врв – Скопје (Скопје, Петровец, Арачиново, Чучер Сандево, Сопиште, Студеничани, Зелениково, Илинден),

телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик.

Во согласност со одредбите од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), радиодифузерите се должни да го платат годишниот надоместок за секоја тековна година почнувајќи од датумот на доделување на дозволата за телевизиско или радио емитување во рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата.

Во врска со погоренаведеното, а во однос на надоместокот за доделената дозвола за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, Агенцијата на ден 08.01.2015 година, му доставила фактура за надоместокот за дозволата за телевизиско емитување бр.012/2015 (наш.арх.бр.05-68/1), со која радиодифузерот имал да плати 532.943,00 (петстотинитриесетидвеиљјадидеветстотиничетириесетитри) денари за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување, за периодот од 05.01.2015 година заклучно со 04.01.2016 година. Во Агенцијата во доставната книга е заведено дека фактурата била уредно примена на 09.01.2015 година.

По извршениот редовен административен надзор, во Извештајот бр.05-1066/1 од 11.02.2015 година, било констатирано дека радиодифузерот во законскиот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок.

Законскиот рок за плаќање на фактурата бр.012/2015 (наш.арх.бр.05-68/1) бил - 09.02.2015 година, во кој рок радиодифузерот не го платил годишниот надоместок за дозвола за телевизиско емитување, во вкупен износ од 532.943,00 (петстотинитриесетидвеиљјадидеветстотиничетириесетитри) денари.

Во член 23 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека доколку се констатира непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавачот на медиум - радиодифузерот, директорот на Агенцијата може да преземе мерка односно да достави предлог до Советот на Агенцијата за одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13 , 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско или радио емитување, пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку иметелот на дозволата не го плати надоместокот за дозволата за телевизиско емитување, во законски утврдениот рок.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, согласно која иметелот на дозволата, ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, во законски определениот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата издадена од Агенцијата, не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14,

132/14), односно имателот на дозволата не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, Директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, во согласност со член 83 став 1, а во врска со член 82 став 1 алинеја 6 д Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/14, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14), доставил Предлог Уп1 08-398 од 16.02.2015 година за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година.

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на својата 6-та седница одржана на ден 17.02.2015 година, согласно Заклучокот, бр.02-1174/9 од 17.02.2015 година, го усвоил Предлогот, Уп1 бр.08-398 од 16.02.2015 година, за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, доставен од предлагачот, Директор на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски.

Во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, а согласно член 82 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата доставила Известување до наведениот радиодифузер (Уп1 бр.08-398 од 18.02.2015 година), во кое му беше укажано дека доколку не го плати годишниот надоместок за дозволата за вршење телевизиско емитување согласно член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот на Директорот на Агенцијата, Уп1 бр.08-398 од 16.02.2015 година, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, по што согласно член 85 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, радиодифузерот ќе биде избришан од регистарот на радиодифузери.

Известувањето Уп1 бр.08-398 од 18.02.2015 година, беше уредно доставено на радиодифузерот ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, на ден 19.02.2015 година.

Во согласност со член 83 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на Директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Со оглед на фактот дека имателот на дозволата ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 08-398 од 16.02.2015 година од страна на Советот на Агенцијата, не ја исполнил обврската предвидена во член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а согласно Заклучокот на Агенцијата, бр.02-1588/13 од 03.03.2015 година, донесе Одлука со која Агенцијата ја одзема дозволата на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје, бр.08-11 од 05.01.2015 година, пред истекот на рокот за којшто е издадена дозволата, со што Директорот на Агенцијата согласно член 23 став 1 алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ќе донесе Решение со кое ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје да се избрише од регистарот на радиодифузери.

Согласно член 84 од Законот за аудио и аудиовизуелни медумски услуги, Одлуката за одземање на дозвола за телевизиско или радио емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да доднесе тужба до

надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

**Упатство за правно средство:** Оваа Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје е конечна. Против одлуката за одземање на дозволата, ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје има право да поднесе тужба до надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- Секторот за информатичка подршка и општи работи - Архива;
- Секторот за правни и економско – финансиски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за водење на Уписникот Уп 1;
- ТРД ТВ АМАЗОН ДООЕЛ Скопје;
- Агенција за електронски комуникации.